# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.31 од 22.02.2016 година**

**Член 1**

Во Закон за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Македонија" број 55/2007, 26/2009, 22/10, 23/11, 53/11, 155/12, 15/13, 137/13, 163/13, 42/14, 166/14, 146/15 и 193/15), во членот 14 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:
„Формата и содржината на образецот на барањето за издавање на одобрение за организирање на одржување на спортски и други приредби на внатрешните води и потребната документација, како и формата и содржината на образецот на одобрението ги пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 2**

Во членот 27 став 1 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат следните зборови: „по поднесено барање."

**Член 3**

Во членот 60 став (8) зборовите: „министерот за транспорт и врски" се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт и врски".
Во ставот 9 зборовите: „Министерот за транспорт и врски" се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт и врски".
Во членот 10 по зборовите: „потребната документација" се става запирка и се додаваат зборовите: „како и формата и содржината на образецот на одобрението за поставување на пливачки објект".

**Член 4**

Членот 60-а се брише.

**Член 5**

Членот 60-б се брише.

**Член 6**

Во членот 63-б по ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:
„Доказите и податоците за исполнетост на условите од ставот 3 алинеи 1 и 2 на овој член ги прибавува овластеното службено лице од Министерството за транспорт и врски кое ја води постапката за издавање на одобрение за локација за поставување на објект на водна површина, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази и податоци од ставот (4) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."
Ставовите 4, 5, 6 и 7 стануваат ставови 6, 7, 8 и 9.
Ставот 8 кој станува став 10 се менува и гласи:
„Формата и содржината на барањето за добивање на одобрение за локација за поставување на објект на водна површина и формата и содржината на одобрението за локација за поставување на објект на водна површина ги пропишува министерот за транспорт и врски."
Во ставот 9 кој станува став 11 зборовите: „ставот 6" се заменуваат со зборовите: „ставот 8", а зборовите: „осум дена" се заменуваат со зборовите: „15 дена".

**Член 7**

Во членот 69 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Доказот за исполнување на условот од ставот 2 алинеја 5 на овој член, го прибавува овластеното службено лице од Министерството за транспорт и врски кое ја води постапката за прв упис на чамец во регистарот на чамци кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да го побара доказот од надлежниот јавен орган.
Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од ставот (3) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."
Ставот 3 станува став 5.
Во ставот 4 кој станува став 6 зборовите: „ставот 3" се заменуваат со зборовите: „ставот 5".
По ставот 5 кој станува став 7 се додава нов став 8, кој гласи:
Формата и содржината на барањето за прв упис на чамец во регистарот на чамци и формата и содржината на барањето за упис на податоци за настанати промени на чамецот во регистарот на чамци ги пропишува министерот за транспорт и врски.

**Член 8**

Во членот 70-а став 2 зборот „писмено" се брише.

**Член 9**

Во членот 74-ѕ став 6 зборовите: „Министерот за транспорт и врски" се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт и врски".

**Член 10**

Во членот 150 по ставот 2 се додаваат три нови став 3, 4 и 5, кои гласат:
„Доказот за исполнување на условот од ставот 2 алинеја 2 на овој член го прибавува овластеното службено лице од Министерството за транспорт и врски кое ја води постапката за упис во регистарот на бродови кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да го побара доказот од надлежниот јавен орган.
Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од ставот (3) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
Формата и содржината на барањето за упис во регистарот на бродови ја пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 11**

Во членот 251 став (5) по зборовите: „потребната документација" се става запирка и се додаваат зборовите: „како и формата и содржината на образецот на одобрението".
Во ставот (6) зборовите: „министерот за транспорт и врски" се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт и врски".
Во ставот (7) зборовите: „Министерот за транспорт и врски" се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт и врски".

**Член 12**

Членот 251-а се брише.

**Член 13**

Членот 251-б се брише.

**Член 14**

Во членот 259-б став 2 се менува и гласи:
„Одобрение од ставот 1 на овој член може да добие правно или физичко лице (во натамошниот текст: превозник), кој ги исполнува следниве услови:
- да е запишан во Централниот регистар на Република Македонија, за вршење дејност превоз на стоки во внатрешната пловидба,

- да е сопственик на брод, чамец или скела кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон,
- со пловниот објект да управува лице со стекнато соодветно звање пропишано со овој закон,
- управителот, односно одговорното лице за превоз да поседува сертификат за професионална компетентност за вршење превоз на стоки во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба (во натамошниот текст: сертификат),
- да има добар углед и
- да има солидна финансиска состојба."

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4, кои гласат:

„Доказите за исполнување на условите од ставот 2 алинеи 1 и 6 на овој член, ги прибавува овластеното службено лице од Министерството за транспорт и врски кое ја води постапката за издавање на одобрение за јавен превоз на стока во внатрешната, меѓудржавната и меѓународната пловидба кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.

Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (3) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето."

Ставовите 3, 4, 5 и 6 стануваат ставови 5, 6, 7 и 8.

Во ставот 7 кој станува став 9 зборовите: „Министерот за транспорт и врски" се заменуваат со зборовите: „Министерството за транспорт и врски".

**Член 15**

Во членот 289 став 4 точка 5 во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „и". Алинејата 6 се брише.

**Член 16**

Во членот 299-а став 1 зборовите: „осум дена" се заменуваат со зборовите: „15 дена".

**Член 17**

По членот 303-г се додава нов член 303-д, кој гласи:

**„Член 303-д**

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице во Министерството за транспорт и врски ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 63-б став 4, 69 став 3, 150 став 3 и 259-б став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членовите 63-б став 5, 69 став 4, 150 став 4 и 259-б став 4 од овој закон.

Глоба во висина од 25 до 50 евра евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице кое ја води постапката за издавање на одобрение за организирање на одржување на спортски и други приредби на внатрешните води, постапката за издавање на одобрение за пристанување на странски пловен објект во внатрешните води на Република Македонија, постапката за издавање на одобрение за поставување на пливачки објект, постапката за издавање на одобрение за локација за поставување на објект на водна површина, постапката за прв упис на чамец во регистарот на чамци и за упис на податоци заради настанати промени на чамецот во регистарот на чамци, постапката за упис во регистарот на бродови, постапката за издавање на одобрението од членот 251 став 1 од овој закон и постапката за издавање на одобрението од членот 259-б став 1 од овој закон, доколку не ја заврши постапката во рок утврден со закон.

За прекршоците од ставовите 1, 2 и 3 на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд."

**Член 18**

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 19**

Започнатите постапки до денот на започнувањето со примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 20**

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 16 и 17 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

**Член 21**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".